**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ'' – БИТОЛА**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО, ДИСПЕРЗИРАНИ СТУДИИ – БИТОЛА,**

**Назив на студиската програма**
Трет циклус на студии – Меѓународно право и политика

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ**
докторски проект

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЦРНА ГОРА ОД АСПЕКТ НА МЕЃУНАРОДНОТО ТРГОВСКО ПРАВО

**м-р Љубен Андријашевиќ,**
Правен факултет - Кичево, Дисперзирани студии Битола, Универзитет ,,Св.Климент Охридски'' Битола, Република Северна Македонија,
ljubenandrijasevikj@gmail.com

**проф.д-р Саша Дукоски,**
Правен факултет - Кичево, Дисперзирани студии Битола, Универзитет ,,Св.Климент Охридски'' Битола, Република Северна Македонија,
sasadukoski@hotmail.com

кандидат: м-р Љубен Андријашевиќ                    ментор: Проф.д-р Саша Дукоски

број на индекс 20-III/Б

**СОДРЖИНА**


1. Апстракт ........................................................................................ 3
2. Вовед ........................................................................................ 4
3. Преглед на литература/Поширок истражувачки контекст ............................ 6
4. Методи и материјали ........................................................................ 7
5. Анализа, резултати и дискусија ........................................................ 9
6. Заклучок ........................................................................................ 11
7. Благодарност ................................................................................ 13
8. Користена литература .................................................................... 14

**Апстракт**

Билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора се негуваат на високо дипломатско ниво, кое опфаќа разни подрачја и сфери на дејствување и соработка.

Токму една од тие области е составена од делови кои се уредени со прописите кои го регулираат меѓународното трговско право, вклучително и со домашните трговски норми,кои служат како алатка на двете држави, со кои се посветува внимание на регулирањето на насловот кој го чини овој докторски проект.

Односно, интересот е поставен на неколку конкретни прашања и цели на истражување, кои се однесуваат на вршење стручна анализа за тоа во кои меѓународни организации членуваат предметните земји, кои меѓународни договори ги склучиле, во која мера е развиена трговската размена и соработка помеѓу нив, како ги прикажуваат меѓусебните односи на своите граѓани, односно на јавноста, кои закони се применуваат засебно во секоја од нивза решавање на трговските спорови, така што истражувачкиот интерес се насочи и кон анализа на судска пракса за решавање на трговски спорови не само помеѓу правни лица, туку и помеѓу физички и правни лица, врз база на правосилни одлуки донесени на подрачјето на Апелациониот суд во Битола.

Од истражувањето произлегува дека Северна Македонија и Црна Гора имаат крајно коректни билатерални односи, потпишале повеќе меѓународни договори, членки се на слични меѓународни организации и трговското т.е. стопанското законодавство им е во голема мера исто така слично.

Целта во иднина е да се пристапи кон уште поголемо интензивирање и подобрување на меѓусебната соработка, во која насока имаатвзаеменпозитивенстав и препораки од државните претставници на двете држави.

**Клучни зборови:Меѓународни организации, Меѓународни договори, Билатерални односи, Трговска соработка и Закони.**

**Вовед**

Основната причина за постоењето на меѓународното право и одлучувачкиот фактор за неговиот состав, претставува потребата и карактеристиките на меѓународниот политички систем.

Меѓународното трговско право по многу нешта претставува една од најдинамичните правни гранки.

Забрзаниот развој на знаењето и технологијата во соработка со информатичката технологија, неизбежно ја налага потребата од посеопфатно анализирање на вкупните меѓународни трговски релации.

Имено, меѓународното трговско, односно меѓународното стопанско право е нова правна дисциплина, која се создала поради зголемувањето на меѓународниот промет на стоки и услуги.

Мотивот за да се пристапи кон истражување на предметната проблематика, произлезе од тоа што нема податок дека темата била истражувана досега.

Истражувањето би требало да се фокусира на ефективноста на меѓународните трговски договори и механизмите за решавање на трговски спорови во Република Северна Македонија и во Црна Гора.

Вниманието треба да биде посветено и на пречките и предизвиците во примената на меѓународното трговско право, како и на начините за надминување на истите.

Оправданоста за пристап кон отпочнување и кон реализација на предметното истражување произлегува од тоа што од сеопфатната анализа на прибавените писмени материјали и остварените разговори со поединци кои имаат познавања, по однос на проблематиката која е предмет на интерес и истражување, резултираа со последицата на еден сосема недвосмислен начин дасе согледааттрговските и билатералните односи кои ги имале двете земји сметано од нивното осамостојување пасѐдо ден-денес, воедно опфаќајќи го и периодот додека Црна Гора била составен дел од поранешната Сојузна Република Југославија, а денешната Република Северна Македонија,во тоа време, на меѓународен план веќенастапувала како самостојна и суверена држава.

Поставени се неколку хипотези и истражувачки прашања кои се во корист на истражувањето и тоа: за зголемена трговска размена, за економска соработка, за подобрување на механизмите за решавање на трговските спорови, за спроведување на меѓународните стандарди и за влијанието на меѓународните организации.

Бидејќи, за областа која што е предмет на истражување не е најден податок дека воопшто некогаш била истражувана, ваквиот податок доведува до еден логичен заклучок дека ова истражување само по себе ќе даде свој придонес за уредувањето и запознавањето со предметната проблематика.

Од гледна точка на методологијата, јасно е формулиран проблемот, прецизно е наведен предметот на истражување, неговите чинители, неговото временско, просторно и дисциплинарно определување, целта на истражувањето како теоретската така ипрактичната, односно емпириската, секако и очекуваните резултати како крајна цел од истражувањето.

**Преглед на литературата/Поширок истражувачки контекст**

Во овој докторски проект нагласокот се става на околноста дека за темата која што е предмет на истражување и покрај бројните обиди, сепак, на крај не се дојде до податок дека не постои евиденција за нешто претходно истражено по однос на проблемот што се истражува во светски рамки или воопшто.

Во случајот, нема податок дека постоел истражувач кој веќе испитал дел од појавата која што овде се истражува. Односно не се пронајдоја различни извори кои на ист, сличен или на различен начин му приоѓаат на истражувачкото прашање.

Тоа значи дека не постои можност при една таква положба на фактите да се направи анализа, споредба како и да се даде одговор на тоа дали резултатите добиени од евентуални претходно спроведени истражувања се во позитивна или негативна корелација со резултатите кои се добиле при ова истражување.

Од тие причини ќе се премине кон опис на наредната точка од докторскиот проект.

**Методи и материјали**

Истражувањето е дефинитивно комбинирано, односно тоа е и квантитативно и квалитативно, имајќи  предвид дека анализата се прави врз еден релативно широк спектар на пишани внатрешни и меѓународни билатерални и мултилатерални документи.

Конкретно, истражувањето вклучува опширна анализа на тековната легислатива, билатералните трговски договории механизмите за решавање на трговски спорови.

Исто така, внимание се посвети и на разгледувањето на трговските практики, регулативите и меѓународните стандарди кои што се однесуваат на билатералните трговски односи.

Истражувачкото прашање се темели на тоа да се стигне до одговор на неколку потпрашања кои би ја опишале неговата суштина и тоа:

- Дали Република Северна Македонија и Црна Гора имаат билатерални односи?
- Дали помеѓу нив се склучувани меѓународни договори?
- Во кои меѓународни организации имаат свое членство?
- Дали членуваат во исти меѓународни организации?
- Дали помеѓу нив има трговска соработка и доколку ја има во која мера е развиена?
- Кои се стандардите кои се поставиле за во иднина и преку кои механизми се решаваат трговските спорови во двете земји?

Тргнувајќи од тоа дека не постои податок дека темата претходно била предмет на истражување, значи дека се работи за тема која што можеме да заклучиме дека не била популарна, па токму во тоа се крие интересот истата да се истражува во одредени сегменти.

Заради собирање и анализа на прибавените податоци, користени се разни методи за пристап до нив.

Одредени методи се темелат на искористување на она што го познава теоријата, а други се потпираат на емпирискиот карактер и на црпење на податоци од

лица кои се вклучени во високо образованиот процес во областа на меѓународното право, во судството и во дипломатијата.

Односно, користени се методи од различни области за да се дојде до собирање на разни корисни информации кои би биле од корист при формирањето хипотези, анализа, резултати, препораки, а со крајна цел, да се дојде до целта на истражувањето.

Во контекст на претходно наведеното, се укажува на тоа дека е користена литература од домашни автори, литература од странски автори, домашни важечки закони, како и закони на Црна Гора, судска пракса и податоци од интернет портали.

Тоа се извори со кои директно се елаборирале теми кои произлегуваат од меѓународното трговско право, како што се меѓународните договори и меѓународните организации, потоа анализи за меѓународната билатерална, дипломатска и стопанска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора, постапките и апаратурата за решавање на трговските спорови со меѓународен елемент, постапките помеѓу правни лица и помеѓу физички и правни лица, особено во ситуација кога физички лица се јавуваат како гаранти за обврските на одредена фирма и слично.

Сите овие чекори беа преземени со една единствена цел, а тоа е да се осмисли пристапот и анализата на која се потпира самото истражување, и нормално, со тоа да се стигне до целта на истражувањето, односно до височинската точка која што се поставила како репер и предмет на истражување во овој докторски проект.

**Анализа, резултати и дискусија**

Од направената широко опфатна анализа на разни извори кои се користени при изработката на докторскиот проект, може да се изведе констатација за прашањата кои се однесуваат на општата цел, теоретските цели, експликацијата, научното откритие и научната прогностика.

Анализата детално даде одговор и резултат во следните проблематики и тоа:

а) Билатералните договори со кои се регулирале трговските односи помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора;

б) Меѓународните организации во кои членуваат како земји членки, а врз основа на кои се поставени правила и стандарди за трговијата помеѓу членките, што значи дека истите мора да ги почитуваат и кон нив доследно да се придржуваат и Република Северна Македонија и Црна Гора;

в) Трговската рамка и политика каде се анализираа мерките за стимулирање на инвестициите и мерките за подобрување на трговските односи, знаејќи дека помеѓу двете земји нема нерешени политички или економски прашања;

г) Решавањето на трговските спорови преку постоењето на разни механизми како што се постапките пред домашните судови, арбитражата, медијацијата или крајно пред меѓународните судови;

д) Спроведувањето на меѓународните спогодби.

Ова се само дел од аспектите кои би требало да бидат обединети во комплексната анализа на меѓународното трговско право помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора.

Очекуваните резултати се подобрување на трговските односи помеѓу двете земји, подигнување на обемот на трговија и инвестиции, како и поддршка на економскиот раст и развој.

Додека, пак, решавањето на евентуалните трговски спорови и преносот на добри практики во сообразност со меѓународните стандарди, може да биде чекор кон воспоставување на посилни и цврсто одржливи билатерални односи.

Во иднина постои потреба секоја од овие области потполно засебно да се истражува, за да се стигне до зголемен степен на запознавање со позитивните и негативните страни во секоја од истите, како би можеле да се насочиме кон следна

цел на истражување, која би имала предмет на истражување да се разрешат оние делови во кои се јавуваат проблеми со итно решение, што ќе придонесе за зголемувањето на трговската соработка меѓу двете земји, што е и своевидна сугестија поврзана со интерпретацијата на емпириските податоци и анализите во наведената област.

Односно, потребно е да се направи и компаративна анализа со резултатите добиени од други слични истражувања, со цел да придонесат до подобро запознавање и разбирање на динамиката и перспективите на односите меѓу двете земји во светлоста на меѓународното трговско право.

**Заклучок**

Односите помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора од аспект на меѓународното трговско право се значајни и комплексни.

Според постоечките правни рамки и склучените билатерални договори, двете земји соработуваат во областа на трговијата, инвестициите и економската соработка.

Всушност пред нив постои еден динамичен контекст којшто може да резултира со различни предизвици и прилики во иднина.

Впечатокот е дека билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора се пријателски и соработнички.

Во врска со ова евидентно е дека двете земји имаат историски, културни и економски врски кои се одразуваат во различни области особено вклучувајќи ги трговијата, културата, образованието и политиката.

Соработката помеѓу овие две земји е регулирана со бројни двострани договори и спогодби, каде особено своја поистакната улога имаат склучените меѓусебни економски договори и спогодби за соработка во различни области, ставајќи го акцентот на областите во трговијата и економијата како важни аспекти на меѓународното трговско право, каде двете земји ги воспоставуваат своите односи преку матичните министерства, но и преку своите стопански комори како важни чинители во оваа сфера.

Од една поширока гледна точка, анализите покажуваат дека Република Северна Македонија и Црна Гора членуваат во разни меѓународни организации, како што се на пример Светската трговска организација и Организацијата на Обединетите нации, како и во многу други владини организации.

Преку членството во меѓународните организации всушност непосредно се потпишале и одредени меѓународни договори кои се однесуваат на различни аспекти на меѓусебните меѓународни односи како што се договорите за безбедност, економија и соработка.

Самиот влез во одредени меѓународни организации им овозможил на двете земји да учествуваат во различни глобални иницијативи, со што се стекнале со легитимно право да го делат својот глас  и во меѓународниот контекст и меѓународниот правен промет, што всушност значи дека поседуваат уште една многу значајна заедничка карактеристика, а тоа е дека поседуваат целосен меѓународно правен субјективитет.

Воедно, Стопанските комори на двете земји имаат воспоставено една солидна соработка и партнерство, на начин што неретко се организираат средби, односно бизнис- настани помеѓу претставниците на двете комори во двете држави заради сумирање на постигнатото и за поставување на нови цели на соработка со намера трговската т.е. деловната соработка да биде поголема и поуспешна.

Анализите покажаа дека и при решавањето на трговските спорови, двете земји користат речиси иста законска регулатива во смисол на примена на Законот за парничната постапка и Законот за облигациони односи, како движечка законска регулатива, сето тоа преку домашните судски инстанци.

Со овој докторски проект истражени се одредени области од широкиот спектар кои ги нуди меѓународното трговско право, што само по себе остава простор истражувањето во иднина да може да се развива несомнено и во други области кои во секој случај би придонеле за подобро разработување и посеопфатна анализа на билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Црна Гора кога станува збор за Меѓународното трговско право.

**Благодарност**

Несебично и етички е преку овој докторски проект да се изрази благодарност на одредени лица кои имаат свој придонес и кои го помогнаа предметното истражување.

Помошта е од морален и интелектуален карактер, дадена преку стручни разговори и обезбедување на пишани документи, материјали и официјални податоци.

Поради ова, во оваа прилика, благодарноста се изразува кон следните лица:

1. Дејан Крстанов, судија во Основниот суд во Битола, поранешен претседател на судот;

2. Милорад Андријашевиќ, почесен конзул на Црна Гора во Република Северна Македонија, кој го води Конзулатот на Црна Гора со седиште во Битола;

3. Тодор Лакиќ, докторант и асистент на Факултетот за Политички науки при Универзитетот на Црна Гора во Подгорица.

4. Стопанска комора на Република Северна Македонија – Регионална комора Битола.

**Користена литература**

а) Книги:

Дерек Френч, *Право на трговски друштва 2008 – 2009.*

Саша Дукоски, *Меѓународно трговско право Кичево 2014.*

Малколм Н.Шо,VI издание, *Меѓународно право.*

м-р Драган Тумановски, *Меѓународни договори на Република Македонија Скопје, 2002 година.*

проф. д-р Александар Николовски, Завод за стопанство и Општествени дејности „Крсте Мисирков”- Скопје, *Меѓународно стопанско право.*

проф. д-р Ѓорѓи Тоновски, Европски Универзитет-РМ, Скопје Факултет за правно – политички науки,*Меѓународни организации – Приказ – Скопје, 2006.*

проф. д-р Ѓорѓи Тоновски, *Современа меѓународна заедница Скопје, 2008.*

Џејмс П. Малдун Јуниор, Џоен Фагот Авиел, Ричард Рејтанои Ерл Саливен, Второ издание, *Мултилатералната дипломатија и обединетите нации денес.*

Штаудингер, *Граѓански законик, Основи на граѓанското право.*

MihailoKonstantinovic, Skicazazakonik o obligacijamaiugovorima, Drugoizdanje, savremenaadministracija, *Obligacijeiugovori.*

б) Законодавство:

Закон за парничната постапка Пречистен текст (Сл.Весник на РМ бр.07 од 20.01.2011година).

Закон за облигационите односи,Сл.Весник на РМ, Редакциски пречистени текстови.

Коментар на Законот за парничната постапка, со коментари, судска практика, примери за практична примена и предметен регистар – Трето изменето и дополнето издание - , Агенција „Академик’’ Скопје 2016, Проф.д-р Кирил Чавдар и Проф д-р Кимо Чавдар.

Коментар на Законот за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар трето изменето и дополнето издание, Академик Скопје 2012, Проф.д-р Кирил Чавдар и Проф.д-р Кимо Чавдар.

Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај, Сл.Весник на РМ бр.23 од 14.02.2013 година.

ЦМР конвенција - chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://advokat-prnjavorac.com/zakoni/CMR-konvencija.pdf.

Законот за трговските друштва, Сл.Весник на РМ Редакциски пречистени текстови.

Законот за нотаријатот, дел V Нотарски платен налог, (Службен весник на РМ“ бр.72/16, 172/16и 233/18), Одлука на Уставен суд У.бр.129/16 од 24 јануари 2018 година („Службен весник на РМ“ бр.25/18).

Правно мислење на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија донесено на седница која се одржала на ден 23.02.2015 година.

Zakon o parnicnompostupkuCrne Gore - https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-parnicnom-postupku.html;

Zakon o unutrasnojtrgovini – Службен лист на Црна Гора бр.49од 15.08.2008 година, 40/11;

Zakon o obligacionimodnosima– Службен лист на Црна Гора бр.047/08 од 07.08.2008 година, 004/11 од 18.01.2011 година и 022/17 од 03.04.2017 година;

в) Судска пракса:

Пресуда на Основениот суд во Битола ПЛ1-ТС-39/22 од 26.05.2022 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд во Битола ТСЖ-242/22 од 18.01.2023 година.

Пресуда на Основениот суд во Битола ПЛ1-ТС-88/22 од 27.12.2022 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд во Битола ТСЖ-41/23 од 03.05.2023 година.

Пресуда на Основниот суд во Битола МАЛВП-416/2023 од 12.10.2023 година.

Пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија Рев2.бр.90/2022 од 19.04.2023 година.

г) Интернет извори:

https://podgorica.mfa.gov.mk/mk/page/199/bilateralni-odnosi-so-crna-gora;

chromeextension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.mchamber.mk/upload/Documents/CEFTA/Platforma-CrnaGora.pdf;

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mId=3&evid=36435&lng=1;

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D1%86%D1%80%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D0%B8;

https://izvoz.mk/%D1%88%D1%82%D0%BE%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%83%D0%B2%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA/;

chromeextension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.mchamber.mk/upload/CEFTA%20ZA%20PORTAL%20NOVO%20pdf.pdf;

https://www.gov.me/diplomatske-misije/pocasni-konzuli-crne-gore-u-svijetu/sjeverna-makedonija;

https://mina.news/vijesti-iz-crne-gore/politika/odnosi-crne-gore-i-sjeverne-makedonije-primjer-na-zapadnom-balkanu/;

https://rtcg.me/vijesti/politika/453793/odnosi-crne-gore-i-s-makedonije-za-primjer.html;

https://www.radiobijelopolje.me/index.php/crna-gora/58144-odlicni-bilateralni-odnosi-crne-gore-i-sjeverne-makedonije;

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=130871&lng=1;

https://tera.mk/%d1%80%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b0-%d0%be%d0%b4-%d0%b1%d0%b8%d1%82%d0%be%d0%bb%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d0%bb%d0%be/?fbclid=IwAR2KGT3PB3JQ102x-r4wv581ttTMJsLj7bSSBzfUml0hOUBawoiwaFlodUY;

https://komora.me/medunarodna-saradnja/poslovni-forum-crna-gora-sjeverna-makedonija;

https://rtcg.me/vijesti/politika/236809/odnosi-izmedju-cg-i-s-makedonije-primjer-u-regionu.html;

https://www.cdm.me/politika/odnosi-crne-gore-i-sjeverne-makedonije-regionalni-primjer-koji-ostale-zemlje-zapadnog-balkana-treba-da-slijede/;

Јас, НОТАР Билјана Дамјановска-Јанчевска
за подрачјето на Основен суд Битола

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Лекторска лиценца број УП11 30-1222 од 05,12,2019 издаден од МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РМ.

Напишан е со со компјутер , кој има 1 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Гиновска Анастасија ул. Чеде Филиповски Даме бр. 105А, Битола .

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 25 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари и Трошоци 30 денари.

Број УЗП 231/2024

Во Битола 22.01.2024

НОТАР

Билјана Дамјановска-Јанчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во Битола
НОТАР
БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА - ЈАНЧЕВСКА
БИТОЛА